**20221732420**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ (*)

Се прогласува Законот за финансиска стабилност(*),

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јули 2022 година.

Бр. 08-3361/1
27 јули 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ (*)

### I. Основни одредби

Член 1

Со овој закон се уредуваат целите, статусот, задачите и начинот на работа на Комитетот за финансиска стабилност, како и инструментите и начинот на спроведување на макропрудентната политика на Република Северна Македонија.

Член 2

**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) **Стратегија за спроведување на макропрудентната политика** (во натамошниот текст: макропрудентна стратегија) - е стратегија која ги опфаќа показателите за идентификување и следење на системските ризици, инструментите и активностите за спречување, намалување или отстранување на системските ризици во еден или повеќе сегменти од финансискиот систем, заради зачувување на стабилноста на финансискиот систем во целина;

---

* Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр.1092/2010 на Европскиот Парламент и на Советот од 24 ноември 2010 година за макропрудентен надзор на финансискиот систем на Европската Унија и формирање Европски одбор за системски ризик (CELEX бр. 32010R1092).

2) **Макропрудентната политика** - е збир на активности со кои се придонесува за постигнувањето и одржувањето на финансиската стабилност;

3) **Макропрудентни инструменти** - се инструменти коишто можат да се користат за спречување, намалување или отстранување на системските ризици во одделните сегменти од финансискиот систем;

4) **Макропрудентни мерки** - се мерките што се преземаат во однос на висината на макропрудентните инструменти и други мерки заради спречување, намалување или отстранување на системските ризици во одделните сегменти од финансискиот систем или во финансискиот систем во целина;

5) **Надлежни органи** - се Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка), Министерството за финансии (во натамошниот текст: Министерството), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: КХВ), Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: АСО) и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: МАПАС);

6) **Препорака** - е писмен документ со кој се идентификува потребата за воспоставување, преземање, измена или укинување макропрудентни мерки и/или инструменти што се во надлежност на одреден надлежен орган, заради спречување или намалување на идентификуваниот системски ризик. Препораката може да биде дадена и во однос на потребата за промени на прописите;

7) **Сегменти на финансискиот систем** - се банкарскиот систем, осигурителниот систем, пензиските фондови, инвестициските фондови, друштвата за управување со пензиските фондови, друштвата за управување со инвестициските фондови, брокерските куќи, финансиските друштва, давателите на финансиски лизинг, финансиските пазари и финансиските институции кои ја сочинуваат пазарната инфраструктура;

8) **Секторски закони** - се законите со кои се уредува работењето на Народната банка, банкарскиот систем, осигурителниот систем, пензискиот систем, финансиските пазари и инструменти, инвестициските фондови, друштвата за управување со инвестициските фондови, финансиските друштва и давателите на финансиски лизинг и други закони со кои се уредуваат работењето и надлежностите на надлежните органи и на Фондот за осигурување на депозити;

9) **Системски ризик** - е ризик од нарушувања во финансискиот систем, кој може да предизвика сериозни негативни последици за финансискиот систем и целата економија;

10) **Системски значајна финансиска институција** - е финансиска институција чие работење со сериозни проблеми или престанување со работење (пропаѓање) може да доведе до појава на системски ризик, а која е идентификувана како системски значајна согласно со закон со кој се уредува работењето на одделните финансиски институции;

11**) Системски значајни платни системи** - се платните системи кои ги исполнуваат критериумите за системски значајни платни системи согласно со критериумите за класифицирање на платните системи според нивната значајност во платниот систем на земјата утврдени во Одлуката за критериумите и стандардите за работењето на платните системи;

12) **Укажување** - е писмен документ со кој се дава оценка за потребата одредени активности или движења во финансискиот систем, во одделните сегменти од финансискиот систем или во една или повеќе финансиски институции да се следат со поголемо внимание бидејќи може да претставуваат потенцијален извор на системски ризик;

13) **Финансиска институција** - е правно лице во Република Северна Македонија, кое што е банка, штедилница, друштво за управување со инвестициски фондови, брокерска куќа, друштво за осигурување, друштво за реосигурување, друштво за управување со пензиски фондови, давател на финансиски лизинг, финансиско друштво и кое било друго лице што е предмет на супервизија на надлежните органи согласно со закон;

14) **Финансиска криза** - е состојба во која нарушувањата во еден или повеќе сегменти на финансискиот систем или други состојби во економијата, сериозно ја загрозуваат или може да ја загрозат стабилноста на финансискиот систем и неговото нормално функционирање;

15) **Финансиски систем** - е систем кој го сочинуваат сите финансиски институции, финансиските пазари, финансиските производи и услуги и инфраструктурата на финансиски пазари и

16) **Финансиска стабилност** - е состојба во која сите сегменти на финансискиот систем функционираат без нарушувања и имаат капацитет да издржат потенцијални шокови.

Член 3

**Независност**

Одредбите од овој закон не влијаат на независноста на надлежните органи и го уредуваат нивното работење, доколку со секторските закони не е поинаку уредено.

**II. Комитет за финансиска стабилност**

Член 4

**Цел и статус на Комитетот**

(1) Комитетот за финансиска стабилност (во натамошниот текст: Комитетот) се формира како меѓуинституционално тело одговорно за следење на спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија и за координација на активностите при идентификувањето и следењето на системските ризици во одделните сегменти од финансискиот систем коишто можат да влијаат на одделните сегменти и на финансискиот систем во целина при преземањето макропрудентни мерки и при подготовката и управувањето со финансиска криза.

(2) Целта на Комитетот е да придонесе за постигнување и одржување на финансиската стабилност во земјата.

Член 5

**Задачи на Комитетот**

За остварување на својата цел, Комитетот ги врши следниве задачи:

1) ја усвојува макропрудентната стратегија од членот 15 од овој закон, како и нејзините изменувања и/или дополнувања и се грижи за нејзиното спроведување;

2) ги следи и оценува состојбите во финансискиот систем;

3) дава укажувања и препораки заради спречување или намалување на системските ризици и одржување на финансиската стабилност и го следи нивното спроведување;

4) ги разгледува макропрудентните мерки кои што ги презеле одделните надлежни органи и ги оценува ефектите од овие мерки;

5) дава насоки за работа на Поткомитетите од членот 10 од овој закон и ги разгледува анализите, информациите, предлозите и записниците добиени од Поткомитетите;

6) ја оценува потребата од унапредување на суштински законски и подзаконски прописи;

7) ја оценува подготвеноста на надлежните органи и Фондот за осигурување на депозити за справување со финансиска криза;

8) ја координира соработката меѓу надлежните органи во услови кога не постои финансиска криза;

9) одлучува за постоење и престанок на финансиска криза;

10) ја координира соработката меѓу надлежните органи и Фондот за осигурување на депозити во услови на потенцијална или настаната финансиска криза заради соодветно управување на финансиската криза;

11) соработува со соодветни органи или тела во странство надлежни за водење макропрудентна политика и со меѓународни финансиски организации и

12) врши други активности за остварување на целта и извршување на задачите од овој закон.

Член 6

**Состав на Комитетот**

(1) Комитетот се состои од 13 членови.

(2) Членови на Комитетот се: гувернерот на Народната банка, министерот за финансии, претседателот на КХВ, претседателот на Советот на експерти на АСО, претседателот на Советот на експерти на МАПАС, пет претставници од Народната банка определени од гувернерот на Народната банка и три претставници од Министерството определени од министерот за финансии.

(3) Членови на Комитетот со право на глас се: гувернерот на Народната банка, министерот за финансии, претседателот на КХВ, претседателот на Советот на експерти на АСО и претседателот на Советот на експерти на МАПАС.

(4) Членовите на Комитетот без право на глас треба да имаат стручни знаења, способности и работно искуство од најмалку пет години од областа на финансиите.

Член 7

**Начин на работа на Комитетот**

(1) Комитетот работи на седници кои не се јавни.

(2) Со седниците на Комитетот претседава гувернерот на Народната банка, а во услови на финансиска криза може да претседава и министерот за финансии, доколку така одлучат гувернерот на Народната банка и министерот за финансии.

(3) Гувернерот на Народната банка односно министерот за финансии во случаите од ставот (2) на овој член го претставува Комитетот пред јавноста.

(4) Комитетот се состанува најмалку двапати годишно.

(5) Седниците на Комитетот ги свикува гувернерот на Народната банка односно министерот за финансии во случаите од ставот (2) на овој член на сопствена иницијатива или на барање на најмалку еден член на Комитетот со право на глас.

(6) Седниците на Комитетот се одржуваат доколку се присутни мнозинството од членовите со право на глас, меѓу кои задолжително гувернерот на Народната банка и министерот за финансии.

(7) На седниците на Комитетот коишто се одржуваат во случаите од членовите 20 и 21 од овој закон, задолжително присуствуваат гувернерот на Народната банка, министерот за финансии и членот од надлежниот орган за супервизија на сегментот на финансискиот систем во кој се идентификувани сериозни проблеми.

(8) Комитетот одлучува со мнозинство гласови од членовите со право на глас и донесува заклучоци и дава укажувања и препораки во писмена форма.

(9) По исклучок од ставот (8) на овој член, на седниците на Комитетот коишто се одржуваат во случаите од членовите 20 и 21 од овој закон се одлучува со консензус на гувернерот на Народната банка и министерот за финансии.

(10) Материјалите, информациите, заклучоците, препораките, укажувањата и записниците од состаноците на Комитетот се доверливи.

(11) Комитетот усвојува Деловник за работа, со кој детално се уредува начинот на неговата работа.

(12) Доколку има потреба на седниците на Комитетот може да бидат повикани директорот на Фондот за осигурување на депозити или други лица кои се стручни во областа којашто е предмет на дискусија на седниците.

Член 8

**Комуникација со јавноста**

(1) Комитетот ја известува јавноста за одржаните седници, освен ако оцени дека известувањето може негативно да влијае на довербата на јавноста во финансискиот систем или врз финансиската стабилност.

(2) Гувернерот на Народната банка односно министерот за финансии, во случаите од членот 7 став (2) од овој закон е одговорен за управување со процесот на комуникација со јавноста и за меѓусебната координација на надлежните органи и Фондот за осигурување на депозити во врска со комуникацијата со јавноста.

(3) Во услови на финансиска криза, гувернерот на Народната банка и министерот за финансии даваат заеднички соопштенија до јавноста.

Член 9

**Извештаи**

Комитетот најдоцна до 31 март во тековната година го информира Собранието на Република Северна Македонија за своето работење преку доставување извештај за работењето во претходната година.

**III. Поткомитети и Секретаријат**

Член 10

**Поткомитети**

(1) Заради извршување на задачите на Комитетот определени во членот 5 од овој закон, се формираат два Поткомитети како помошни тела на Комитетот:

1) Поткомитет за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки и

2) Поткомитет за подготовка за управување со финансиска криза.

(2) Членовите на Поткомитетите треба да имаат стручни знаења, способности и работно искуство од најмалку пет години од областа на финансиите.

Член 11

**Начин на работа на Поткомитетите**

(1) Поткомитетите работат на седници, кои не се јавни.

(2) Со седниците на Поткомитетите претседава претседавачот определен од гувернерот на Народната банка, согласно со членот 12 став (2) и членот 13 став (2) од овој закон.

(3) Седниците на Поткомитетите ги свикува претседавачот на поткомитетот на сопствена иницијатива, на барање на Комитетот или на барање на најмалку еден член на поткомитетот.

(4) Седниците на Поткомитетите се одржуваат доколку се присутни мнозинството од членовите, меѓу кои задолжително претседавачот.

(5) Поткомитетите се состануваат најмалку еднаш во три месеци.

(6) Доколку има потреба, на седниците на Поткомитетите може да бидат повикани други лица кои се стручни во областа којашто е предмет на дискусија на седниците.

(7) Од одржаните седници, Поткомитетите изработуваат записници, кои ги доставуваат до Комитетот. Доколку некој од членовите на Поткомитетите има издвоено мислење, тоа се наведува во записникот на поткомитетот.

(8) Материјалите, информациите и записниците од состаноците на Поткомитетите се доверливи.

(9) Поткомитетите усвојуваат Деловник за работа, со кој детално се уредува начинот на нивната работа.

Член 12

**Поткомитет за следење на системските ризици**
**и предлагање макропрудентни мерки**

(1) Поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки има 12 члена.

(2) Членови на поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки се четири претставници од Народната банка определени од гувернерот на Народната банка од кои еден како претседавач, два претставника од Министерството определени од министерот за финансии, два претставника од АСО определени од претседателот на Советот на експерти на АСО, два претставника од КХВ определени од претседателот на КХВ и два претставника од МАПАС определени од претседателот на Советот на експерти на МАПАС.

(3) Поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки ги врши следниве задачи:

1) ги следи ризиците коишто можат да предизвикаат системски ризик преку разгледување на показателите за системските ризици определени од надлежните органи и на податоците и информациите од членот 16 став (1) точка 3) и членот 22 од овој закон и анализите за ризиците во одделните сегменти од финансискиот систем изработени од надлежните органи;

2) ги разгледува резултатите од стрес- тестирањето на отпорноста на сегментите од финансискиот систем на претпоставени шокови доколку се изработени од надлежните органи;

3) ги анализира макропрудентните мерки што ги презеле надлежните органи или планираат да ги преземат и го следи спроведувањето на мерките и ефектите од тие мерки;

4) ги разгледува извештаите за системски значајните платни системи изработени од Народната банка;

5) дава предлози за препораки или укажувања до Комитетот;

6) ги разгледува законите и подзаконските акти коишто можат да имаат влијание врз финансиската стабилност или предлозите за нивни изменувања и/или дополнувања и дава мислење за потребата од нивно изменување и/или дополнување;

7) ги следи макропрудентните мерки преземени од други земји, особено доколку тие мерки може да имаат влијание во земјата;

8) дава предлози до Комитетот за изменување и/или дополнување на показателите за системските ризици определени од надлежните органи и макропрудентните инструменти содржани во макропрудентната стратегија;

9) дава предлози до Комитетот за изменување и/или дополнување на макропрудентната стратегија и

10) врши други задачи добиени од Комитетот поврзани со остварување на целта и извршување на задачите од овој закон.

Член 13

**Поткомитет за подготовка за управување со финансиска криза**

(1) Поткомитетот за подготовка за управување со финансиска криза има десет члена.

(2) Членови на поткомитетот за подготовка за управување со финансиска криза се: тројца претставници од Народната банка определени од гувернерот на Народната банка од кои еден како претседавач, тројца претставници од Министерството определени од министерот за финансии, еден претставник од АСО определен од претседателот на Советот на експерти на АСО, еден претставник од КХВ определен од претседателот на КХВ, еден претставник од МАПАС определен од претседателот на Советот на експерти на МАПАС и еден претставник од Фондот за осигурување на депозити определен од директорот на Фондот за осигурување на депозити.

(3) Поткомитетот за подготовка за управување со финансиска криза ги врши следниве задачи:

1) ги разгледува законите и подзаконските акти, коишто се применливи во услови на финансиска криза и дава мислење за потребата од нивно изменување и/или дополнување;

2) подготвува вежби за управување со финансиска криза и ги координира активностите на институциите вклучени во вежбата;

3) ги разгледува процедурите на одделните надлежни органи и на Фондот за осигурување на депозити за постапување во случај на финансиска криза;

4) подготвува процедури за координација на активностите на одделните надлежни органи и на Фондот за осигурување на депозити во случај на финансиска криза и

5) врши други задачи добиени од Комитетот поврзани со остварување на целта и извршување на задачите од овој закон.

Член 14

**Секретаријат**

(1) Целокупната административна и логистичка поддршка на Комитетот и Поткомитетите при извршувањето на задачите од овој закон и при организирањето на седниците ја обезбедува Секретаријат.

(2) Секретаријатот го сочинуваат три лица вработени во Народната банка, определени од страна на гувернерот на Народната банка.

(3) Надлежните органи се должни да ги достават до Секретаријатот побараните информации и податоци во врска со точките на дневниот ред на Комитетот и Поткомитетите.

(4) Членовите на Секретаријатот треба да имаат стручни знаења, способности и работно искуство од најмалку три години од областа на финансиите.

## IV. Макропрудентна политика и нејзино спроведување

Член 15

**Макропрудентна политика и макропрудентна стратегија**

(1) Основната цел на макропрудентната политика е да придонесува за постигнување и одржување на стабилноста на финансискиот систем во целина преку спречување и намалување на кумулирањето на системските ризици, зајакнување на отпорноста на системот и обезбедување одржлив придонес на финансискиот систем за економскиот раст.

(2) Основната цел од ставот (1) на овој член се остварува преку посредните цели на макропрудентната политика, кои се составен дел на макропрудентната стратегија.

(3) Посредните цели на макропрудентната политика се определуваат, изменуваат и/или дополнуваат во зависност од движењата во финансискиот систем, промените во неговата структура, деловниот модел на финансиските институции, нивото на развиеност на финансискиот систем, појавата на нови или намалување на значењето на одредени ризици, како и промените во соодветните меѓународни стандарди.

(4) Во макропрудентната стратегија се определуваат посредните цели од ставот (2) од овој член и се поврзуваат со соодветните макропрудентни инструменти и показатели за следење на ризиците во одделните сегменти од финансискиот систем, заради навремено идентификување на системските ризици.

(5) Остварувањето на основната цел на макропрудентната политика се овозможува преку навремено и ефикасно следење на показателите за следење на ризиците и инструментите од макропрудентната стратегија и утврдување на потребата од воведување, изменување или укинување на макропрудентните мерки и инструменти.

Член 16

**Активности на надлежните органи**

(1) Секој надлежен орган е должен да:

1) учествува во работата на Комитетот и Поткомитетите, согласно со овој закон;

2) придонесува при изработката на макропрудентната стратегија и при нејзиното спроведување за сегментот на финансискиот систем во негова надлежност;

3) ги следи показателите за системскиот ризик за сегментот на финансискиот систем во негова надлежност;

4) ги идентификува ризиците коишто би можеле да се прошират од сегментот на финансискиот систем во негова надлежност и/или да доведат до појава на системски ризик и за тоа го информира поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки;

5) доколку е применливо, го определува начинот на утврдување системски значајни финансиски институции за сегментот на финансискиот систем во негова надлежност согласно со закон;

6) ги определи макропрудентните инструменти и презема макропрудентни мерки за сегментот на финансискиот систем во негова надлежност, согласно со овој закон и секторските закони;

7) дава предлози до поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки за изменување и/или дополнување на макропрудентната стратегија;

8) ги применува препораките дадени од Комитетот или дава писмено образложение за причините поради кои смета дека не е можно или не е оправдано да постапи согласно со препораката;

9) ги разгледува и одлучува за примената на укажувањата дадени од Комитетот;

10) изработува акти за постапување во случај на финансиска криза;

11) се подготвува за управување со финансиска криза;

12) соработува и разменува податоци и информации со другите надлежни органи, надвор од седниците на Комитетот и Поткомитетите, врз основа на договор/меморандум за соработка;

13) учествува во координирано справување со финансиска криза и

14) други активности во согласност со овој закон поврзани со остварувањето на целта и извршувањето на задачите од овој закон.

(2) При остварувањето на активностите од ставот (1) на овој член, надлежните органи постапуваат во рамките на своите надлежности утврдени со овој закон и со секторските закони.

(3) Надлежните органи придонесуваат за спроведувањето на макропрудентната стратегија со прибирање и следење на податоците и информациите за финансиските институции од сегментот на финансискиот систем во нивна надлежност, преземање супервизорски мерки согласно со секторските закони и преземање макропрудентни мерки согласно со овој закон и/или секторските закони.

(4) Покрај активностите од ставот (1) на овој член, Народната банка, заради остварување на целта за придонесување кон постигнување и одржување на финансиската стабилност во Република Северна Македонија согласно со закон, ги врши и следниве активности:

1) ја изработува макропрудентната стратегија од членот 15 од овој закон и нејзините изменувања и/или дополнувања и ја предлага до Комитетот;

2) ги идентификува ризиците коишто можат да ја нарушат финансиската стабилност, што вклучува следење на системските ризици во банкарскиот систем и во останатите сегменти на финансискиот систем, следење на поврзаноста меѓу одделните сегменти на финансискиот систем и доставува информации до поткомитетот за следење системски ризици и предлагање макропрудентни мерки;

3) изработува годишен извештај за финансиската стабилност согласно со членот 62 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и

4) соработува и бара податоци и информации од финансиските институции, надлежните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, јавните установи и трговските друштва основани од државата или во кои државата е доминантен сопственик и други институции, друштва, фондови, агенции, здруженија.

(5) Субјектите од ставот (4) точка 4) на овој член се должни да постапат по барањето на Народната банка и да достават целосни и точни податоци и информации до Народната банка во рокот наведен во барањето. Доколку некој субјект не успее да ги обезбеди податоците и информациите во рокот наведен во барањето, Народната банка може да утврди нов рок за доставување на податоците.

(6) Податоците од ставот (4) точка 4) на овој член се доставуваат без надоместок.

Член 17

**Преземање макропрудентни мерки**

(1) Надлежните органи во рамките на своите надлежности преземаат макропрудентни мерки поврзани со макропрудентните инструмени коишто може да се однесуваат на:

1) заштитните слоеви на капиталот;

2) лимитите на изложеност;

3) управувањето со ризиците;

4) задолженоста;

5) системски значајните финансиски институции

6) ризикот од концентрација на изложености и

7) други инструменти за зголемување на отпорноста на финансиски шокови и за спречување на нарушувања во сегментите од финансискиот систем.

(2) Мерките содржани во секторските закони коишто можат да се преземат кон една или повеќе финансиски институции, може да се користат и за остварување на целите на макропрудентната политика, во согласност со овој закон.

(3) Заради примена на макропрудентните инструменти и/или постапување по препораките на Комитетот, надлежните органи можат да ги определуваат поблиску методологијата, видот, содржината, траењето и начинот на спроведување на макропрудентните инструменти и мерки во сегментите од финансискиот систем во нивна надлежност согласно со закон.

(4) Надлежниот орган може за намерата да преземе, измени или да укине одредена макропрудентна мерка да го информира поткомитетот за следење системски ризици и предлагање макропрудентни мерки, за што поткомитетот доставува информација со мислење до Комитетот.

(5) Надлежниот орган е должен во рок од пет дена по преземањето, изменувањето или укинувањето на макропрудентната мерка да го информира Поткомитетот за следење системски ризици и предлагање макропрудентни мерки, за што поткомитетот доставува информација со мислење до Комитетот.

Член 18

**Укажувања и препораки**

(1) За да ги спречи, да ги намали или да ги отстрани системските ризици, Комитетот дава укажувања и препораки до надлежните органи, заедно со образложение за причините поради кои се дава укажувањето, односно со образложение за причините поради кои се дава препораката со рокови за исполнување на препораките.

(2) Комитетот може да даде укажување и до државни институции и органи во Република Северна Македонија доколку активностите на тие државни институции и/или случувањата во сегментите коишто се под нивна надлежност можат да претставуваат потенцијален извор на системски ризик и да влијаат врз финансиската стабилност.

(3) При давањето на препораката Комитетот може да наведе и конкретни мерки и инструменти за нејзината примена.

(4) Комитетот го следи постапувањето по дадената препорака. При давањето на препораката Комитетот може да наведе и рокови во кои надлежниот орган треба да го извести за постапувањето и за ефектите од примената на препораката.

(5) Комитетот дава укажувања и препораки според своја оцена или на предлог на поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки.

(6) Комитетот може да одлучи да ја извести јавноста за изречената препорака, согласно со членот 7 став (8) од овој закон, освен доколку оцени дека известувањето може негативно да влијае на довербата на јавноста во финансискиот систем или врз финансиската стабилност.

Член 19

**Постапување на надлежните органи**

(1) Надлежниот орган е должен во рок од 15 работни дена од добивањето на препораката да го извести Комитетот за начинот на кој ќе ја примени препораката или да даде писмено образложение за причините поради кои смета дека не е можно или не е оправдано да постапи согласно со препораката.

(2) Доколку препораката не се исполни во рокот кој го определил Комитетот или доколку Комитетот одлучи дека образложението од ставот (1) на овој член не го оправдува неспроведувањето на препораката, Комитетот му определува дополнителен период на надлежниот орган за да ја спроведе препораката или рок од седум работни дена за да даде дополнително образложение за неспроведувањето.

**V. Финансиска криза**

Член 20

**Утврдување финансиска криза**

(1) Доколку Народната банка или Министерството оценат дека постојат сериозни проблеми кај една или повеќе банки или финансиски институции во друг сегмент од финансискиот систем или други состојби во економијата коишто ја нарушуваат или можат да доведат до сериозно нарушување на финансиската стабилност, гувернерот на Народната банка и министерот за финансии веднаш писмено се известуваат меѓусебно.

(2) Доколку поткомитетот за следење на системските ризици и предлагање макропрудентни мерки идентификува сериозни проблеми кај некои од сегментите на финансискиот систем или доколку надлежните органи идентификуваат сериозни проблеми кај една или повеќе финансиски институции под нивна надлежност коишто ја нарушуваат или можат да доведат до сериозно нарушување на финансиската стабилност, веднаш писмено ги известуваат гувернерот на Народната банка и министерот за финансии.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, гувернерот на Народната банка веднаш свикува седница на Комитетот согласно со членот 7 став (7) од овој закон.

(4) Доколку членовите на Комитетот согласно со членот 7 став (9) од овој закон утврдат постоење финансиска криза, донесуваат заклучок за постоење финансиска криза.

(5) Постоењето финансиска криза се утврдува врз основа на супервизорска оцена на надлежниот орган за состојбите во една или повеќе финансиски институции кај кои се идентификувани сериозни проблеми и врз оцена на Министерството за макроекономската состојба во земјата, заедно со оцена на Народната банка на можното прелевање на ризиците врз другите сегменти на финансискиот систем, финансискиот систем во целина и/или економијата.

(6) Министерот за финансии веднаш ја информира Владата на Република Северна Македонија за заклучокот од ставот (4) на овој член.

Член 21

**Активности во услови на финансиска криза**

(1) По донесување заклучок за постоење финансиска криза, Комитетот обезбедува и разгледува:

1) информации и анализи за состојбите во една или повеќе финансиски институции кај кои се идентификувани сериозни проблеми поврзани со солвентноста, квалитетот на активата, ликвидноста, структурата на изворите на финансирање и/или со проекцијата на паричните текови;

2) оцена на Министерството за макроекономската состојба во земјата;

3) оцена на потребата и можноста за користење буџетски средства за справување со финансиската криза;

4) оцена на Фондот за осигурување на депозити за исплатата на осигурените депозити во банката доколку финансиската институција од точка 1) од овој став е банка;

5) информации доставени од Поткомитетите и

6) други информации и анализи.

(2) Врз основа на оцените, информациите и анализите од ставот (1) на овој член, Комитетот одлучува за мерките и активностите што треба да се преземат заради управување со финансиската криза.

(3) Буџетските средства од ставот (1) точка 3) на овој член можат да се користат во крајна инстанца, во услови кога финансиските решенија што потекнуваат од приватниот сектор се исцрпени и кога ќе се оцени дека јавниот интерес ја оправдува фискалната поддршка.

(4) Доколку се оцени постоење на потребата од користење буџетски средства, министерот за финансии за тоа ја известува Владата на Република Северна Македонија. Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за справување со финансиска криза се обезбедуваат врз основа на посебен закон за обезбедување буџетски средства за справување со финансиска криза.

(5) Доколку оцените, информациите и анализите од ставот (1) на овој член посочуваат на намалени системски ризици коишто повеќе не предизвикуваат нарушување на финансискиот систем, при што е обезбедено зачувување на финансиската стабилност, Комитетот согласно со членот 7 став (9) од овој закон донесува заклучок за престанок на финансиската криза.

## VI. Размена на податоци и информации, доверливост, судир на интереси и правна заштита

Член 22

**Размена на податоци и информации со Комитетот**

(1) На барање на Комитетот или Поткомитетите, надлежните органи и Фондот за осигурување на депозити се должни да ги достават сите информации и податоци коишто се потребни за извршување на задачите од овој закон.

(2) Комитетот бара од надлежните органи информации во скратена или збирна форма при што да не можат да се идентификуваат поединечните финансиски институции.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку на Комитетот му се потребни информации за поединечни финансиски институции, барањето до соодветниот надлежен орган содржи образложение за причините поради кои тие информации се системски значајни и потребни во дадените околности.

(4) За потребите од ставот (1) на овој член, надлежните органи може да достават соодветно барање за доставување на податоците и информациите до финансиските институции во сегментот од финансискиот систем во нивна надлежност, кои се должни да постапат по барањето на надлежниот орган.

(5) За потребите од ставот (1) на овој член, надлежните органи може да соработуваат и да бараат податоци и информации и од органите на државната управа, јавните претпријатија, јавните установи и трговските друштва основани од државата или во кои државата е доминантен сопственик, како и други институции, друштва, фондови, агенции, здруженија, кои се должни да постапат по барањето на надлежните органи.

(6) Субјектите од ставовите (4) и (5) на овој член се должни да достават целосни и точни податоци и информации до надлежниот орган во рокот наведен во барањето. Доколку некој субјект не успее да ги обезбеди податоците и информациите во рокот наведен во барањето, надлежниот орган може да утврди нов рок за доставување на податоците и информациите.

(7) Со размената на податоците и информациите за остварување на целите согласно со овој закон, не се повредуваат одредбите за доверливост на податоците и информациите уредени со секторските закони.

(8) Податоците од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член се доставуваат без надоместок.

Член 23

**Доверливост на податоците и информациите**

(1) Податоците и информациите добиени преку учество во работата на Комитетот и Поткомитетите, како и работните материјали и записниците од работата на Комитетот и Поткомитетите се сметаат за доверливи.

(2) Комитетот и Поткомитетите можат да ги користат доверливите информации од ставот (1) на овој член исклучиво за намената за која се побарани во согласност со овој закон.

(3) Членовите на Комитетот и на Поткомитетите и сите лица кои учествуваат во нивната работа или присуствувале на седниците на Комитетот или Поткомитетите не смеат да им ги соопштуваат податоците и информациите од ставот (1) на овој член на трети лица.

(4) По исклучок од ставовите (1) и (3) на овој член, податоците и информациите можат да се соопштат на:

1) трети лица во збирна форма, при што не можат да се идентификуваат поединечни институции или

2) на барање на надлежен суд во согласност со закон.

(5) На личните податоци се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци (*).

(6) Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член не се однесуваат на податоците и информациите коишто се објавуваат во согласност со овој закон.

Член 24

**Судир на интереси и забрана за злоупотреба на доверливи информации**

(1) Членовите на Комитетот и членовите на Поткомитетите се должни да внимаваат на потенцијален судир на интереси и да преземат мерки за негово избегнување.

(2) Во однос на постапувањето во случај на постоење судир на интереси, пријавувањето на судир на интереси, забраната за злоупотреба на доверливи податоци од страна на членовите на Комитетот и членовите на Поткомитетите, соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Член 25

**Правна заштита**

Членовите на Комитетот и Поткомитетите не одговараат за штетите кон трети лица што може да настанат поради мерките и активностите за зачувување на финансиската стабилност преземени врз основа на овој закон доколку работеле во рамките на своите должности и овластувања и не сториле кривично дело.

## VII. Завршни одредби

Член 26

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Надлежните органи ќе ги определат членовите на Комитетот и Поткомитетите, а Фондот за осигурување на депозити ќе го определи членот на поткомитетот за подготовка за управување со финансиска криза и во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го известат Секретаријатот за своите претставници.

(3) На првата конститутивна седница на Комитетот се потврдува составот на Комитетот и на Поткомитетите.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.